




# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# КАРПОШ ПОДГОТВЕН ЗА НЕВРЕМЕТО

По добиените заклучоците од 51-та седница на Владата на РМ и одржаниот состанок со Кризниот штаб на Град Скопје на 28.01.2015 во врска со можно невреме и опасност од поплави, Штабот за заштита и спасување на Општина Карпош денес одржа вонреден состанок на кои беа донесени заклучоци во насока на превенирање на евентуалните последици и штети. Во таа насока Штабот за заштита и спасување на Општина Карпош заклучи дека треба да се следи состојбата на водостојот на реките Вардар, Лепенец и Серава кои минат низ територијата на општината или се влеваат тука. Единицата за заштита и спасување со целокупната опрема и средства е ставена во состојба на подготвеност за дејствување во услови на евентуална опасност од поплава. За таа цел, исто така е ангажирана и градежна фирма опремена со потребна механизација и опрема која во евентуална загрозеност од поплави ке биде вклучена во активности за спречување на можните последици од поплавите. Конечно на денешниот состанок е договорено и доколку има потреба, Општина Карпош да ангажира и дополнителни човечки ресурси за интервенции во вакви временски услови.



# ЗАПОЧНА ПРОЛЕНТИОТ ДЕЛ НА ОДБОЈКАРСКАТА УЧИЛИШНА ЛИГА

На 28.01(четврток) за почна пролетниот дел од обојкарската училишна лига на која се одригра 8 коло со следниве резултати:

| 8 Коло | | 29 Јан. | Резултат | Локација - Сала |
|---|---|---|---|---|
| Јан Амос Коменски | - | Аврам Писевски | 2-1 | Владо Тасевски |
| Владо Тасевски | - | Димо Хаџи Димов | 2-1 | Ден |
| Петар Поп Арсов | - | Лазо Трповски | 2-0 | Четврток |
| Слободна | | | | Термин |
| Војдан Чернодрински | | | | 12:00ч |

| Екипа | Коло | Победи | Порази | сет разлика | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|
| Петар Поп Арсов | 7 | 6 | 1 | 13-3 | 12 |
| Димо Хаџи Димов | 7 | 6 | 1 | 13-6 | 12 |
| Владо Тасевски | 7 | 4 | 3 | 11-7 | 8 |
| Аврам Писевски | 7 | 4 | 3 | 11-9 | 8 |
| ојдан Чернодрински | 6 | 2 | 4 | 5-9 | 4 |
| Јан Амос Комеснки | 7 | 2 | 5 | 4-11 | 4 |
| Лазо Трповски | 7 | 0 | 7 | 3-14 | 0 |





# СО ЗУРЛИ И ТАПАНИ СЕ СЛАВЕШЕ СВ.АТАНАСИЈ

Свети Атанасиј, празникот на кој се „прекршува зимата“ или како што велат преданијата „кожувчето од нас или кожувчето на нас“, со што се определува силината на вториот дел од зимата, денес на извонредно весел и традиционален начин се одбележа во Општина Карпош. Во месната заедница Злокуќани, каде што со години наназад се чествува овој христијански празник претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаровски, со богата трпеза, литургија и музика му го предаде кумството на Љупчо Цековски. Во таа пригода Лазаревски на сите жители им посака добро здравје, среќа и благосостојба, порачувајќи им дека негувањето на вакви обичаи и на традицијата е всушност вистинскиот начин да се задржи идентитетот на народот и државноста. Уште од време турско, како што велат старите влаевчани, во Влае се слави Свети Атанасиј. Оваа голема слава продолжи да ја поддржува и негува и Општина Карпош, а почесен гостин на славската трпеза и на веселбата беше и првиот човек на Карпош, Градоначалникот Стевчо Јакимовски. -Овој ден го славиме со посебен пиетет, бидејќи е празник и радост на цело Влае. Тој мене лично ме потсетува на детството, на радоста и дружењето, на „тешкото“ кој босоног го одигруваше чичко Илија-Џамбо и на веселбата која траеше цел ден, изјави во денешната пригода градоначалникот на Карпош, кој исто така се фати за оро и славеше со неколку стотина присутни на игралиштето во Влае 1, каде се слушнаа зурли и тапани. Инаку годинашното кумство, кумовите на Свети Атанасиј во Влае, Зоран Кралевски, Горан и Оливер Стојчевски го предадоа на новите кумови, Рада Бошковска, попозната како Баба Рада, Перса Николиќ и Марин Мијалков. Целодневното славење на Свети Атанасиј ќе трае до вечерните часови со вино и со топол чај, а за музичкото доживување беа задолжени КУД „Цветан Димов“ групата „Палма“ и Ани Малинова.









# УЧЕНИЦИТЕ ОД „ЛАЗО ТРПОВСКИ СЕ ОБУЧУВАА ЗА ЗАШТИТА ОД ПОЖАРИ



Седмоделенците од ООУ ,,Лазо Трповски'' денес имаа „специјални" часови на кои учеа за заштита од пожари. Еднодневната „мини обука" ја оддржаа стручно лице од областа на противпожарната заштита и претставник од Одделението за заштита и спасување при Општина Карпош. Предавањето се состоеше од практичен и теоретски дел. Во теоретскиот дел, учениците беа запознаени со можностите и причините за појава на пожар, нивната форма, како и со тоа кои се средствата за гасење. Исто така, беа запознаени и со опасностите од пожар во јавни објекти и во домашни услови. Притоа им беа посочени примери од кои се согледува кои се најчестите предизвикувачи и појави на пожар и како да се постапи за тие правовремено да се спречат. Учениците покажаа голема заинтересираност и најчесто поставуваа прашања околу пожарите во домашни услови. Освен прашања тие кажуваа и свои примери, каде што директно или индиректно биле инволвирани. Во практичниот дел, кој всушност беше најинтересен и најзабавен за учениците, беше презентирано гасење пожар со помош на противпожарен апарат – ПП S9. Најпрвин, момчињата се обидоа практично да ја имплементираат обуката, т.е да изгаснат пожар, а во „успешната мисија" потоа им се приклучија и девојчињата. Со обуката учениците од ова училиште во Карпош се здобија со уште едно знаење, кое ќе им користи во иднина

# СПОДЕЛУВАЊЕ ИНКЛУЗИВНИ ПРАКТИКИ ВО ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“



На иницијативна на тимот за инклузија од ООУ „Јан Амос Коменски“, а во организација на Здружението „Отворете ги прозорците“, денеска, во просториите на ова основно училиште, се одржа работна средба на тема „Споделување на инклузивни практики“. На сребата се приклучија и инклзувините тимови на основните училишта „Владо Тасевски“ и „Петар Поп Арсов“, од општина Карпош, како и ООУ „Браќа Миладиновци“ од општина Аеродром. Целта на средбата беше претставување на моделот на работа со деца со посебни образовни потреби како и хронологија на инклузивниот процес во ова училиште. На работната средба, преку видео презентација, се пренесуваа искуствата од примената на асистивната технологија со работа со децата со ПОП (посебни образовни потреби) во училиштето домаќин, како и споделување на инклузивни практики меѓу училиштата учесници на работилницата. Претставниците од Здружението „Отворете ги прозорците“, на присутните им споделуваа препораки за подобрување на инклузивниот процес произлезени од присутните претставници од училиштата. Исто така, поделени беа и асистивни уреди на користење кои досега ги имаше ООУ „Јан Амос Коменски“ на другите присутни училишта, за подобро и полесно училишните тимови да работат со учениците со посебни образовни потреби. Оваа средба треба да иницира идни соработки од поголем обем каде би се вклучиле поголем број училишта од главниот град и целата држава, со цел да го подобрат и да го усовршат инклузивниот процес на децата со посебни образовни потреби во редовните државни училишта во Република Македонија.

# „ДОНИРАЈ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ“

Ги известуваме граѓаните на Општина Карпош, дека сите хумани граѓани од денеска ќе може да донираат за поплавените подрачја во источните делови на Македонија. Својата донација на територија на Општината ќе може да ја достават до сите 14 урбани заедници на отворените хуманитарни пунктови, како и во десетте градинки и основни училишта на подрачјето на Карпош. Донацијата треба да содржи првенствено вода, средства за хигиена, трајни конзервирани производи, влажни марамчиња и тоалетна хартија, како и пелени за возрасни и мали деца. Оваа хумана акција ќе трае секој работен ден, а дежурни пунктови ( сабота и недела) ќе има во 14-те урбани заедници од 10 до 14 часот. Акцијата ќе трае се додека има потреба од хуманитарна помош во поплавените подрачја зафатени од обилните дождови.

## ДОНИРАЈ ЗА ПОПЛАВЕНИТЕ



**ВОДА, ТРАЈНА КОНЗЕРВИРАНА ХРАНА, ПЕЛЕНИ за деца и возрасни, СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА (тоалетна хартија, влажни марамчиња, средства за перење и чистење)**

**Секој работен ден пунктови во:**

**14-те - Урбани заедници**
**10-те - Основни училишта**
**10-те - Детски градинки**



**Дежурни пунктови во Карпош:**
**Урбаните заедници од 10 - 14 ч**